*Совет на Општина Куманово*
*Комисија за одбележување на празници*
*и манифестации и доделување на*
*награди и признанија*
Бр. 18 – 7575/1
01.10.2021 година
Куманово

До

________________________________

________________________________

Куманово

Ве молиме заради информирање на јавноста Вашата информативна куќа да го објави следното

## Известување

По повод 11 – ти Ноември – Денот на ослободување на Куманово, Општината Куманово и оваа година ќе ја додели традиционалната "Ноемвриска награда", како израз на највисоко општествено признание што се доделува за посебни постигнувања во одделни области.

Според Одлуката, Ноемвриската награда се доделува на поединци, претпријатија и други организации, установи, здруженија и заедници чие дело односно резултати во работењето и делувањето претставуваат посебно остварување во областите на стопанството и вонстопанските дејности, во текот на едногодишен и повеќегодишен период.

Делото, односно постигнувањата да бидат достапни на јавноста до 11 – ти Октомври годинава, а авторот на делото да е жител на Општината Куманово, организацијата или заедницата да е од Општината Куманово, односно делото и постигнувањата да се тематски врзани за Општината Куманово.

Право на предлагање на кандидати за Ноемвриска награда на Општината Куманово имаат претпријатијата, установите, здруженијата, месните заедници, група граѓани и поединци.

Ве молиме предлозите за доделување на Ноемвриската награда со образложение во писмена форма да ги доставите до Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија, најдоцна до 31 – ви Октомври оваа година.

Претседател на Комисијата
Сашо Милковски